КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
АД СКОПЈЕ
Бр. 02-190-4/1
03.04.2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 48 од Статутот на Комерцијална банка АД Скопје, Собранието на Банката, на седницата одржана на 03.04.2025 година, донесе

# ОДЛУКА

## за усвојување на Консолидираната годишна сметка на Комерцијална банка АД Скопје за 2024 година ревидирана од ревизорско друштво

### Член 1

Се усвојува Консолидираната годишна сметка на Комерцијална банка АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2024 година, изработена во согласност со законската регулатива во Република Северна Македонија, а врз основа на принципите за мерење и признавање утврдени со регулативата на Народната банка на Република Северна Македонија, презентирана во согласност со Правилникот за формата и содржината на годишната сметка за банки и други финансиски институции, а ревидирана од страна на Друштвото за ревизија Грант Торнтон ДОО Скопје.

Консолидирана годишна сметка на Комерцијална банка АД Скопје за 2024 година, се одобрува според следните биланси:

1. Консолидиран биланс на состојба на ден 31.12.2024 година,
2. Консолидиран биланс на успех од 01.01. до 31.12.2024 година

### Член 2

Во Консолидиран биланс на состојбата на ден 31.12.2024 година се искажани следните билансни состојби:

| | |
|---|---|
| Актива | Ден. 178.719.787.913 |
| Пасива | Ден. 178.719.787.913 |

### Член 3

Во Консолидиран биланс на успех за периодот од 01.01. до 31.12.2024 година приходите изнесуваат 10.903.667.934 денари, а расходите 5.379.136.000 денари, или добивка пред оданочување од 5.524.531.934 денари. По пресметување на данок на добивка во износ од 564.417.765 денари, добивката по оданочување е во износ од 4.960.114.169 денари.

### Член 4

Консолидираната годишна сметка претставува составен дел на Одлуката.

### Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ 03

ПРЕТСЕДАВАЧ СО СОБРАНИЕТО
Илија Гечев